**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-80
18.03. **2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 64 став 1 од истиот Закон, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1039/1 од 20.02.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради употреба на јазикот спротивно на член 64 од истиот Закон, од страна на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 13-та седница одржана на 14.03.2019 година согласно Заклучокот бр.02-1306/5 од 14.03.2019 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а казнива по член 147 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, на 4 февруари 2019 година:

- во репризата на емисијата „Зевзекманија" емитувана во периодот од 00:44:11 часот до 01:19:19 часот, во рамки на рубриката „Ѓуровизија" емитувана во периодот од 01:04:54 часот до 01:08:16 часот емитувани се делови од странски програми на странски јазици (српски, црногорски), без превод на македонски јазик;

  и

- во рамки на репризното издание на емисијата „Најдобрите совети" емитувана во периодот од 04:54:33 часот до 05:49:02 часот, емитуван е подолг разговор со српскиот пејач Жељко Самарџиќ во периодот од 05:31:55 часот до 05:48:34 часот, при што говорот на гостинот е емитуван изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов, период на емитување (почеток и крај), период на емитување на непреведени делови (почеток и крај) и опис во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1039/1 од 20.02.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 20 февруари 2019 година, изврши редовен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 февруари 2019 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно член 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е пропишано дека радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедницата која не е мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница.

Имено, со надзорот констатирано е дека на програмскиот сервис на наведениот радиодифузер, на 4 февруари 2019 година, во репризата на емисијата „Зевзекманија“ емитувана во периодот од 00:44:11 часот до 01:19:19 часот, во рамки на рубриката „Ѓуровизија“ емитувана во периодот од 01:04:54 часот до 01:08:16 часот емитувани се делови од странски програми на странски јазици (српски, црногорски), без превод на македонски јазик; и во рамки на репризното издание на емисијата „Најдобрите совети“ емитувана во периодот од 04:54:33 часот до 05:49:02 часот, емитуван е подолг разговор со српскиот пејач Жељко Самарџиќ во периодот од 05:31:55 часот до 05:48:34 часот, при што говорот на гостинот е емитуван изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај), период на емитување на непреведени делови (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1039/1 од 20.02.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје на 21.02.2019 година, испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување Уп1 бр.03-80 од 21.02.2019 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1039/1 од 20.02.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На 05.03.2019 година, Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје достави Изјаснување бр.03-165/2 од 28.02.2019 година (наш арх.бр.03-80 од 05.03.2019 година). Советот на Агенцијата на 13-та седница одржана на 14.03.2019 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), во врска со член 64 став 1 од истиот Закон и точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 13-та седница одржана на 14.03.2019 година согласно Заклучокот бр.02-1306/5 од 14.03.2019 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1039/1 од 20.02.2019 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 20-02-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1039 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје
3. **Период опфатен со надзорот:** 4 февруари 2019 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 февруари 2019 година
5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)
- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни да емитуваат најмалку 12 часа дневно програма на телевизија)
- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела и најмалку половина од обврските за изворна програма да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот)

6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 февруари 2019 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 4 февруари 2019 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, во рамки на репризното издание на хумористичната емисија „Фчерашни новости" е емитувана кратка конверзација меѓу водителите на емисијата на шпански јазик, без превод на македонски јазик. Исто така во рамки на емисијата еден од скечевите е емитуван на странски јазици - српски јазик (пародија на дел од интервју на премиерот Зоран Заев, поради начинот на кој говори на српски јазик), без превод на македонски јазик.

**04.02.2019 г.**

| Наслов | Период на емитување | | Период на емитув. на непреведени делови | | Опис |
|---|---|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | Почеток | Крај | |
| Фчерашни новости | 00:10:39 | 00:40:28 | 00:11:34 | 00:11:52 | Емитувана е кратка конверзација меѓу водителите на шпански јазик, без превод на македонски јазик. |
| | | | 00:30:38 | 00:31:50 | Еден од скечевите е емитуван на српски јазик (пародија на дел од интервју на премиерот Зоран Заев, поради начинот на кој говори на српски јазик), без превод на македонски јазик. |

Исто така, во рамки на репризата на емисијата „Зевзекманија" е емитувана кратка конверзација меѓу водителите на емисијата на англиски јазик, без превод на македонски јазик. Во рамки на рубриката „Ѓуровизија" емитувани се делови од странски програми на странски јазици (српски, црногорски), без превод на македонски јазик.

**04.02.2019 г.**

| Наслов | Период на емитување | | Период на емитув. на непреведени делови | | Опис |
|---|---|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | Почеток | Крај | |
| Зевзекманија | 00:44:11 | 01:19:19 | 00:55:41<br>00:57:16 | 00:56:18<br>00:57:23 | Емитувана е кратка конверзација меѓу водителите на англиски јазик, без превод на македонски јазик. |
| | | | 01:04:54 | 01:08:16 | Во рамки на рубриката „Ѓуровизија" емитувани се делови од странски програми на странски јазици (српски, црногорски), без превод на македонски јазик. |

Во рамки на репризното издание на емисијата „Најдобрите совети" е емитуван подолг разговор со српскиот пејач Жељко Самарџиќ, при што говорот на гостинот е емитуван изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик.

**04.02.2019 г.**

| Наслов | Период на емитување | | Период на емитув. на непреведени делови | | Опис |
|---|---|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | Почеток | Крај | |
| **Најдобрите совети** | 04:54:33 | 05:49:02 | 05:31:55 | 05:48:34 | Емитуван е подолг разговор со српскиот пејач Жељко Самарџиќ, при што говорот на гостинот е емитуван изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик. |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, на 4 февруари 2019 година, делови од емисиите „Фчерашни новости", „Зевзекманија" и „Најдобрите совети", се емитувани на странски јазици, без превод на македонски јазик.

9. **Предлог мерка :**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***